Иницијална проценка на влијание на регулативата

Чекор 1: Опис на политичкиот контекст на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. Политички контекст на проблемите

2. Опис на целите што ќе се остварат со донесување на законот

Согласно Стратегијата за национално домување за период од 2007-2012 година, беше утврден недостиг на соодветно домување на лица со ниски приходи и ранливи групи. Оттука, Министерството за транспорт и врски иницираше реализација на Проект за домување на социјално ранливи групи, кој беше одобрен од страна на Владата на Република Македонија со усвојувањето на Програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија бр. 3/09 година“). Проектот започна со имплементација во 2007 година. Досега, се изградени три згради, а во тек е изградбата на дванаесет. Вкупно, треба да се изградат 37 згради со 1708 станови во 19 града во Република Македонија до 2012 година.

Главна цел на проектот е обезбедување на пристап до соодветно домување и борба против сиромаштијата и социјалното исклучување. Дефинирани се 6 трагет групи, кои ќе бидат подобни да ги користат овие станови:

- деца без родители над 18 години;
- невработени лица и лица корисници на социјална помош;
- жители на региони погодени од природни катастрофи;
- инвалидизирани лица или домаќинства кои имаат инвалидизирано лице;
- социјално загрозени лица припадници на ромската популација; и
- самохрани родители со малолетни деца.

Распределувањето на овие станови ќе биде изврешно од посебно воспоставена Комисија задолжена за распределба на становите.

Проектот започна со имплементација во 2007 година. Досега, се изградени три згради, а во тек е изградбата на дванаесет. Вкупно, треба да се изградат 37 згради со 1708 станови во 19 града во Република Македонија до 2012 година.

Вкупната вредност на Проектот изнесува 50.700.000 ЕВРА. ЦЕБ ќе учествува во неговото финансирање со 50% од вредноста на Проектот, односно со 25.350.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој проект со 50% од вредноста на Проектот, односно со 25.350.000 ЕВРА и дополнителни 18% од вкупната вредност на Проектот, за подмирување на обврската по основ на ДДВ од Буџетот на Министерството за транспорт и врски.

Координатор на овој Проект ќе биде Министерството за транспорт и врски, додека имплементатор ќе биде Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (ЈПССДП).

Се очекува проектот да биде реализиран заклучно со 31.12.2012 година. Следствено, договорено е датумот на затворање на проектот да биде 30.06.2013 година.

3. Идентификација на можни решенија (опции)

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е сигурност во финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи.

За таа цел потребно е Република Македонија да склучи Рамковен договор за заем со ЦЕБ, со цел обезбедување на средства за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи.

За склучување на Рамковниот договор за заем, потребно е да се донесе закон за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08). Оттаму, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

4. Оценка на ефектите од постигнатите резултати

За склучување на Рамковниот договор за заем со ЦЕБ за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливите групи, потребно е да се донесе закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг.

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Предложено решение (опција): Овој Предлог на Закон за задолжување ќе овозможи склучување на Рамковниот договор за заем со ЦЕБ и делумно обезбедување на финансиски средства за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи.

Опис: Согласно Стратегијата за национално домување за период од 2007-2012 година, беше утврден недостиг на соодветно домување на лица со ниски приходи и ранливи групи. Оттука, Министерството за транспорт и врски иницираше реализација на Проект за домување на социјално ранливи групи, кој беше одобрен од страна на Владата на Република Македонија со усвојувањето на Програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија бр. 3/09 година“). Проектот започна со имплементација во 2007 година. Досега, се изградени три згради, а во тек е изградбата на дванаесет. Вкупно, треба да се изградат 37 згради со 1708 станови во 19 града во Република Македонија.

.

1. Трошоци и фискални импликации

Вкупната вредност на Проектот изнесува 50.700.000 ЕВРА. ЦЕБ ќе учествува во неговото финансирање со 50% од вредноста на Проектот, односно со 25.350.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој проект со 50% од вредноста на Проектот, односно со 25.350.000 ЕВРА и дополнителни 18% од вкупната вредност на Проектот, за подмирување на обврската по основ на ДДВ од Буџетот на Министерството за транспорт и врски.

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фискални импликации | Тековна година | Втора година | Трета година | Четврта година |
| А) Вкупни трошоци за предложеното решение (опција)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 427.136.409 | 186.074.624 | 280.013.499 | 606.372.086 |
| Б) Одобрени средства за предложеното решение (опција)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| В) Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Г) Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во министерството)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Д) Нето импликации на средствата на министерството (В-Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Ѓ) Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| Е) Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците | 245.240.000 | 551.790.000 | 551.790.000 | 205.388.500 |

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Преглед на трошоци | Тековна година | Втора година | Трета година | Четврта година |
| Иницијални трошоци за министерството | | | | |
| Иницијални трошоци за трети страни (повлекувања на средства од заемот) | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трошоци на деловните субјекти за човечки ресурси | | | | |
| Останати трошоци на деловните субјекти | | | | |
| Трошоци на потрошувачите | | | | |

2. Придобивки

| Годишни финансиски придобивки | (Во илјади денари) |
|---|---|
| А) Еднократни (на почетокот при донесувањето на решението) | 0 |
| Б) Просечни годишни придобивки (без еднократните) | 25.350.000 |
| Вкупен финансиски износ на придобивките (А+Б) | 25.350.000 |

Опис и опсег на клучните финансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

Нема

Други клучни нефинансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

Главна цел на овој Проект е обезбедување на пристап до соодветно домување и борба против сиромаштијата и социјалното исклучување. Дефинирани се 6 трагет групи, кои ќе бидат подобни да ги користат овие станови:

- деца без родители над 18 години;
- невработени лица и лица корисници на социјална помош;
- жители на региони погодени од природни катастрофи;
- инвалидизирани лица или домаќинства кои имаат инвалидизирано лице;
- социјално загрозени лица припадници на ромската популација; и
- самохрани родители со малолетни деца.

Распределувањето на овие станови ќе биде извршено од посебно воспоставена Комисија задолжена за распределба на становите.

3. Ризици и претпоставки

4. Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | Резултати приложени во материјалот | Резултати приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

5. Резиме на трошоци, придобивки и влијанија за оваа опција

Согласно Стратегијата за национално домување за период од 2007-2012 година, беше утврден недостиг на соодветно домување на лица со ниски приходи и ранливи групи. Оттука, Министерството за транспорт и врски иницираше реализација на Проект за домување на социјално ранливи групи, кој беше одобрен од страна на Владата на Република Македонија со усвојувањето на Програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија бр. 3/09 година“). Проектот започна со имплементација во 2007 година. Досега, се изградени три згради, а во тек е изградбата на дванаесет. Вкупно, треба да се изградат 37 згради со 1708 станови во 19 града во Република Македонија.

Главна цел на проектот е обезбедување на пристап до соодветно домување и борба против сиромаштијата и социјалното исклучување. Дефинирани се 6 трагет групи, кои ќе бидат подобни да ги користат овие станови:

- деца без родители над 18 години;
- невработени лица и лица корисници на социјална помош;
- жители на региони погодени од природни катастрофи;
- инвалидизирани лица или домаќинства кои имаат инвалидизирано лице;
- социјално загрозени лица припадници на ромската популација; и
- самохрани родители со малолетни деца.

Распределувањето на овие станови ќе биде извршно од посебно воспоставена Комисија задолжена за распределба на становите.

Вкупната вредност на Проектот изнесува 50.700.000 ЕВРА. ЦЕБ ќе учествува во неговото финансирање со 50% од вредноста на Проектот, односно со 25.350.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој проект со 50% од вредноста на

Проектот, односно со 25.350.000 ЕВРА и дополнителни 18% од вкупната вредност на Проектот, за подмирување на обврската по основ на ДДВ од Буџетот на Министерството за транспорт и врски.

Координатор на овој Проект ќе биде Министерството за транспорт и врски, додека имплементатор ќе биде Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (ЈПССДП).

Проектот за домување на социјално ранливи групи започна со реализација во 2007 година. Се очекува проектот да биде реализиран заклучно со 31.12.2012 година. Следствено, договорено е датумот на затворање на проектот да биде 30.06.2013 година.

Заемот е доделен под следните услови на Банката за развој при Советот на Европа:

**Рок за отплата –** Рокот за отплата ќе се утврдува за секоја транша одделно, при што рокот на отплата може да биде до 20 години, вклучувајќи грејс период до 5 години.

**Повлекување –** Заемот ќе се повлекува во неколку транши. Износот на секоја транша ќе се одредува во завист од напредокот во изградбата на социјалните станови и реализацијата на проектот и планираните активности за идниот период. Заемот ќе се повлекува во најмалку две транши.

Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од стапувањето на сила на Рамковниот Договор за заем и не треба да надмине 33% од вкупниот износ на заемот. Повлекувањето на следните транши ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

**Каматната стапка –** Каматната стапка и валутата ќе се одредуваат за секоја транша од заемот одделно на денот на повлекување на истата. Каматната стапка за сервисирање на заемот може да биде варијабилна или фиксна.

Варијабилната каматна стапка е ЕУРИБОР зголемен за варијабилен распон.

На барање на Министерството за финансии и на предлог на Гувернерот на ЦЕБ, Административниот совет одобри субвенционирање на каматна стапка под која ќе биде доделен заемот преку Selective Trust Account (СТА). Целта на овој фонд е да им овозможи финансиско олеснување на Проектите кои имаат цврста социјална цел. Субвенционирањето на каматната стапка ќе се применува пропорационално на секоја транша. Вкупно, субвенционирањето на каматната стапка нема да надмине 2.000.000 ЕВРА за повлекувањато на сите транши. Во случај кога субвенцијата е повисока од каматната стапка пред субвенионирањето, тогаш субвенцијата ќе биде еднаква со каматната стапка.

**Единица за имплементација на проектот** – за имплементација на Проектот за домување на социјално ранливи групи е основана е Единицата за имплементација на проектот, која функционира во рамки на Министерството за транспорт и врски. Согласно Рамковниот договор за заем, Министерството за транспорт и врски ќе биде одговорно за спроведување на проектот преку Единицата за имплементација на проектот.

**Набавки -** Набавката на добра и услуги ќе се врши во согласност со Упатствата на ЦЕБ (верзија бр. 3 – ноември 2004 година).

**Мониторинг –** Единицата за имплементација на проектот, покрај следењето на реализацијата на целиот проект, ќе води и одделна сметководствена и друга евиденција за реализацијата на Проектот, во согласност со меѓународните стандарди, која во било кој момент, ќе може да даде реален приказ каков е прогресот на Проектот.

Единицата за имплементација на проектот, во периодот на имплементација на проектот, има обврска најмалку два пати годишно, од повлекувањето на заемот, да доставува до ЦЕБ мониторинг извештај. Истата обврска за доставување мониторинг извештај, ќе треба да се исполни и пред повлекувањето на секоја транша, со исклучок на првата. Овие извештаи треба да бидат во форма и содржина задоволителна за ЦЕБ.

Со цел реализирање и делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, потребно е Република Македонија да склучи Рамковен Договор за заем со Банката за развој при Советот на Европа, со кој ќе се регулираат правата и обврските на договорните страните, кои ќе произлезат од Договорот за заем.

За склучување на Рамковниот договор за заем, потребно е да се донесе законот за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05 и 88/08). Оттаму, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

Чекор 3: Консултации

Во текот на подготовката на проектот извршени се консултации во Министерството за транспорт и врски и ЈПССДП.

Чекор 4: Спроведување на предложеното решение и негово правно усогласување

Чекор 5: Проверка / рецензија на решението-Нема

Резиме на иницијалната
проценка на влијание на регулативата

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министерство: | Министерство за финансии | | |
| Лице за контакт: | м-р Зоран Ставрески, Заменик претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии | | |
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи | | |
| Верзија: | | Датум: | |
| Поврзани материјали / документи: | Рамковен договор за заем, кој треба да се склучи помеѓу ЦЕБ и Република Македонија за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи | | |

1. Предлог текст за заклучок на Владата на Република Македонија:

Владата го разгледа Предлогот на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот Договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи и утврди со заклучок текстот на Законот да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р

Зоран Ставрески, Заменик претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии, министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереници Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии во Министерството за финансии и Кристина Павловска, помошник раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии.

2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на предлогот за донесување на закон и негово усогласување:

Ирина Тричковска и Андрија Алексоски, Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлогот за донесување на закон во Собранието на Република Македонија:

Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерство за финансии;

Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии;

3. Текстот на предлогот за донесување на закон и проценката на влијанија на регулативата смее да се објави во Единствениот електронски регистар на прописи: ДА

4. Објаснување на причините доколку се бара донесување на законот по итна постапка: Предлогот на закон не се носи по итна постапка.

5. Краток осврт на предложениот материјал: Нема затоа што текстот на Предлогот на законот не е подолг од 5 страници.

6. Резиме на можни решенија/опции и нивни клучни влијанија:

| | Опција 1 | Опција 2 | Опција 3 |
|---|---|---|---|
| Трошоци<br>- Фискални импликации<br>- Други трошоци | | | |
| Придобивки | | | |
| Останати влијанија | | | |

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1 | | Има влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 30.000.000 денари во тековната и 100.000.000 денари во наредните 3 години. |
| | | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |

| | | |
|---|---|---|
| | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| | Нема влијание | врз животната средина. |
| | Има влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| | | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | НЕ |
| | | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | НЕ |
| **10.** | | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| **11.** | | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | НЕ |
| **12.** | | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

Изјава од министерот

Јас, Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик претседател
на Влада на Република Македонија Датум:
и министер за финансии:
..........................................................................

изработил: Ирина Тричковска/Ана Николоска
контролирал: Андрија Алексоски/Кристина Павловска
одобрил: Сузана Пенева